	5.Информирање на родителите, наставниците и учениците за посебните образовни потреби и давање соодветни препораки.	- создавање на клима за прифаќање	Учебна година	Педагог, психолог Наставници родители	- Записници од стручни активи - Родителски средби - Наставнички совети - Работилница со ученици	
	6. Планирање и давање непосредна поддршка на учениците во учењето преку диференциран и индивидуализиран пристап.	- Користење на различни пристапи во помагањето на учениците во учењето усогласени со нивните потреби –обезбедување пристап до наставните содржини	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- ИОП - Евиденции од работењето со учениците индивудуално и во паралелката - Дифенцирани цели (во ИОП) - Стратегии на прилагодување (во ИОП)	
	7.Обсервирање и идентификување ученици со посебни образовни потреби.	- Рана дијагностика и интервенција за учениците со ПОП	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Евиденции од обсервација	
	8. Соработка со колегите од инклузивниот тим во училиштето.	- Избирање на соодветни приоди за инклузија	Учебна година	Инклузивен тим	- Записници од работата на инклузивниот тим	
	9. Учество во изготвувањето на индивидуален образовен план.	Примена на различни концепти и модели за развој на инклузивното образование	Учебна година	Педагог, психолог Наставници Наставници	- ИОП - Евалуации на ИОП - Евиденици од консултации - Евиденциона листа за изготвени ИОП и еваалуации	
СЛЕДЕЊЕ И	1. Пружење поддршка на учениците со попреченост секогаш кога им е потребна (учениците се информирани за можностите за консултација).	- обезбедува поддршка и доверба кај учениците со ПОП	Учебна година	Директор, Наставници, Педагог, психолог	- евиденција од работата со учениците. - евиденција од опсервација	

	2. Користење различни видови, стратегии и приоди во индивидуалната и групната комуникација со учениците.	- Приспособување на пристапот во индивидуалната и групната работа со учениците на ситуацијата и видот на проблемот - Подобрување на однесувањето	Учебна година По потреба	Директор, Наставници, Педагог, психолог Наставници Стручни соработници и директор	- Записници од активностите на ученичкиот парламент; - Индивидуални разговори со ученици;	-
	3.Интервенирање при несоодветно однесување (агресија и самоагресија, непочитување на правилата на однесување во училиште) на учениците со ПОП.				- Дневник за работа, - Записници - - Активности со паралеката	-
	4. Следење на постигањата на учениците согласно поставените цели во ИОП и учествување во ревизија на истиот доколку има потреба.	– прилагодување на активности согласно напредокот на учениците	По потреба	Наставници Родители	- Записници од состаноци на инклузивен тим - Евиденција од соработка со наставници и родители - Индивидуални активности со ученици со ПОП	-
	5. Утврдување на потребата од дополнителни сервиси за поддршка и координирање на вклучувањето на надворешни професионалци	Координирање на вклучување на надворешни професионалници	Учебна година	Педагог, психолог Родители	- Евиденција за препорачани и посетувани дополнителни сервиси (во ИОП)	-
	6. Реализирање работилници и други активности со ученици на различни теми (развивање хуманост, солидарност, справување со дискриминација, запознавање со правата на децата, вклучително и правата на лицата со попреченост и сл.).	- Комуникацирање со учениците засновано врз почит и внимание, промовирање на позитивните ставови и однесувања кои се очекуваат од учениците	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Планирања за работилници - Слики и/или крајни продукти од реализирани работилници	-

	7.Работилници и разговори со ученици со попреченост за препознавање и справување со насилство.	- препознавање на насилно однесување. - пријавување на насилство.	Учебна година	Педагог, Психолог, наставници	- Работилници, - Евиденција од разговори	-
	8.Информирање и поттикнување за вклучување на учениците со ПОП за дополнителната и додатната настава и воннаставните активности во училиштето.	- Поттикнување и развивање на самодовербата и самопочитувањето кај учениците со ПОП	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Евиденција за специфични желби и интереси како и вклученост во воннаставни активности за учениците со ПОП (во ИОП) - Евиденција за реализирани воннаставни активности	-
ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ	1. Испитување на информираноста и заинтересираноста на учениците со ПОП за понатамошно образование или вработување	- Избирање и користење соодветни методи и инструменти за професионална ориентација и советување за кариерно насочување на учениците – Давање поддршка при соодветен избор на занимања	Учебна година.	Педагог, психолог	- Анкета, - Резултати од анкетата; - Евиденции од индивидуални советувања - Инструменти за прфесионална ориентација	-
	2. Индивидуално советување на учениците и родителите за правилен избор на понатамошно образование или професија					
	3. Информирање на учениците со ПОП и нивните родители за можностите и перспективите на професиите и мрежата на средните училишта / високообразовни институции..	- Професионално и кариерно советување на учениците базирано врз утврдените интереси способности и општествени можности – Давање поддршка при соодветен избор на занимања	Учебна година.	Педагог, психолог	- Евиденции од разговори	

2. Работа со наставници

	Активности	Цели	Реализација	Соработници	Индикатори/ докази/форми/методи	Следење/ повратна информација
	1. Следење на наставата и работата со ученици со ПОП и за различните аспекти кои се набљудувани давање повратна информација (писмена или усна) на наставниците.	– Примена на соодветни начини за модификации и адаптации во наставата и просторот и оценување на постигањата според ИОП	10.2023 12.2023 03.2024 05.2024	Директор, Педагог, психолог Наставници	- Евиденции од посета на часови и дадени препораки - Протокол за следење на час; - Повратна информација (писмена или усна) на наставниците;	
	2. Учество во активности (работилници, индивидуални консултации) со наставниците за планирање на наставата со фокус на изработка на ИОП и користење на принципите на индивидуализација и диференцијација.	– Давање на насоки во планирањата на наставата.	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Евиденции од индивидуални консултации - Записници од стручни активи - Насоки за планирање на наставата	
	3. Изготвување/избирање методи, техники, средства за работа и инструменти за оценување, соодветни на видот на посебните образовни потреби, поставените цели во ИОП и стилот на учење на ученикот	– помагање на наставниците да ги земат во предвид индивидуалните карактеристики и потреби на развојните периоди при планирање и реализирање на наставата. – Поттикнување кај наставниците високи очекувања за развојот и постигањата на учениците	Учебна година	Наставници Педагог Психолог	- Листи за следење на ученици; - Индивидуални образовни планови; - Состаноци на инклузивен тим - Евиденции од индивидуални консултации - Записници од стручни активи - инструменти за оценување	

ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ	1. Давање стручна помош на наставниците преку индивидуални / групни средби и обуки за идентификување на учениците со ПОП и стратегии за работа со нив. 2. Поддршка на наставникот за работа со ученици во зависност од видот и специфичните потешкотии на конкретен ученик.	– Јакнење на капацитетите на наставниците за препознавање и работа со ученици со ПОП - Промовирање на почитување на разликите и демократските вредности на секој ученик - Почитување на личноста на секој ученик и идентификување и развивање на неговите силни страни	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Планирање за работилница и/или излезни продукти од работилниците и/или фотографии - Записници од стручни активи - Листи за идентификација - Наоди/мислења од стручни институции - ИОП и Евалуациии на ИОП - Евиденции од консултации со наставници	
	3. Запознавање на наставниците со карактеристиките на новозапишаните ученици со ПОП.	– Залагање за почитување на личноста на секој ученик и идентификување и развивање на неговите силни страни	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Евиденции од индивидуални консултации со наставници - Документација од запишување на ученик	
	4. Запознавање на наставниците со различните начини на кои учат учениците со ПОП.	– Давање на поддршка на наставниците за индивидуализација во задолжителната, додатната и дополнителната настава, слободните ученички активности и натпревари	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Записници од стручни активи - Евиденција од индивидуални консултации со наставници	

	6.Следење на комуникацијата во училницата и давање повратна информација на наставникот.	– поддршка на наставниците за воспоставување добра комуникација меѓу учениците и наставниците и на учениците меѓусебно	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Евиденции од индивидуални консултации со наставници - Евиденции од индивидуални/групни консултации со ученици - Протоколи за следење на час и препораки	

3. Работа со родители

	Активности	**Цели**	**Реализација**	**Соработници**	**Индикатори/ докази/форми/методи**	**Следење/ повратна информација**
ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА И КОНСУЛТАЦИИ СО	1. Помагање на родителите да препознаат како кризната ситуација во семејството е поврзана со учењето и развојот на учениците и нивно советување како да реагираат во одредени ситуации	– Идентификување на потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и давање соодветна поддршка на семејството.	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Родителски средби - Индивидуални средби со родители; - Советодавни разговори со родители; - Работилници	
	2.Споделување на информациите за учењето и однесувањето на ученикот со ПОП на соодветен начин со родителите.	– Приспособување на комуникацијата во зависност од ситуацијата и личноста на родителот.	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Советодавни разговори со родители; - Родителски средби - Сотаноци на совет на родители	

	3. Информирање на родителите на децата со посебни образовни потреби за нивните права, обврски и бенефиции кои може да ги добијат и ги упатува до релевантни институции за помош.	– Родителите на децата со ПОП да ја разберат состојбата на нивните деца и да им ја даваат потребната помош и поддршка.	Учебна година	Педагог, психолог	- Информации за соодветни институции; - Индивидуални средби со родители;	
	4. Реализирање индивидуални консултации со родителите за поддршка на децата со посебни образовни потреби и давање инструкции за работа со нивните деца во домашни услови.	- Родителите на децата со ПОП да ја разберат состојбата на нивните деца и да им ја даваат потребната помош и поддршка.	Учебна година	Педагог, психолог Наставници	- Индивидуални разговори; - Упатување на родители; - информирање на родителите; - Насоки за комуникација и подршка во учењето со децата; - Стратегии за работа со одделни видови ПОП	
	5. Упатување на родителите на децата со посебни образовни потреби и децата со потешкотии кон соодветните институции за проценка на функционалнос	– Родителите на децата со ПОП да ја разберат состојбата на нивните деца и да им ја даваат потребната помош и поддршка.	Учебна година	Педагог, психолог	- Информации за соодветни институции; - Индивидуални средби со родители;	

4. Соработка со заедницата

	Активности	Цели	Реализ а-ција	Соработ-ници	Индикатори/ докази/форми/методи	Следење/ повратна информација
СОРАБОТКА СО СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ	1. Организирање и реализирање превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница.	– Придонесување за вредностите на културите во заедницата да се рефлектираат во сите аспекти на работата на училиштето	Учебна година	Директор Педагог, психолог Наставници Родители	- Воннаставни активности - хуманитарни акциии - Годишна програма (програми за: организацијата на црвен крст, воннаставни активности, еко-одбор); - Приредби; - Манифестации; - програма за соработка со локална средина,	
	2. Консултирање институции при работата со одредена група ученици, наставници, родители и земање предвид на нивните препораки.	– унапредување на сопствената работа	Учебна година	Директор Педагог, психолог	- Евиденции од: разговори, барања, упатување, преписки; препораки, наоди и мислења и сл.	

	3. Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институциите за решавање на одреден проблем.	– Идентификување релевантни институции за соработка во одделни подрачја	Учебна година	Директор Педагог, психолог Наставници Родители	- Евиденции за дадени препораки за соодветни институции	
	4. Вклучување во проекти за развој на инклузивната практика во училиштето,во соработка со здруженија на граѓани и владини институции.	- предавања, работилници, посети, трибини, конференции, обуки	Училишна година	Директор, Педагог Психолох Наставници Стручни лица	- Евиденција за учество - Материјали од посетени настани - сертификати	

5. Професионален развој и соработка

	Активности	**Цели**	**Реализа-ција**	**Соработ-ници**	**Индикатори/ докази/форми/методи**	**Следење/ повратна информација**
	1. Соработка со колегите во професионалните здруженија, социјални мрежи и форуми.	– Соработување со стручни соработници и со професионални здруженија во и надвор од училиштето	Учебна година	/	- Средби - Разговори; - Социјални мрежи, - Форуми; - Веб страни.	
	2.Посета на семинари, обуки, конференции, конгреси	- Запознавање со новините	Учебна година	/	- Евиденција за учество - Материјали од посетени настани - сертификати	
	3. Учество на информативни средби за актуелни настани и иновации во наставата за учениците со ПОП.	– Давање на стручна поддршка на наставниците за користење на различни извори на знаења.	Учебна година	/	- Евиденции од индивидуални консултации - Записници од стручни активи	

6. Аналитичко-истражувачка работа

	Активности	**Цели**	**Реализ а-ција**	**Соработ-ници**	**Индикатори/ докази/форми/методи**	**Следење/ повратна информација**
	1.Пишување извештаи, анализи, прегледи и други стручни материјали.	– Поврзување, обработување и анализирање различни податоци за воспитно-образовната работа и извлекување на заклучоци од анализите.	Учебна година	Директор Педагог, психолог Наставници	- Полугодишен извештај - Годишен извештај - Извештаи за успехот, поведението, редовноста, опфатот и напредувањето на учениците - Евиденција за ученици со ПОП и потешкотии во учењето според видот на потребата;	
	2. Учество во реализација и изработка на истражувања од училишната практика. (Истражување на интересите на учениците за воннаставни активности)	- Идентификување на состојбата и подобрување на климата во училиштето.	Учебна година	Педагог, Психолог, наставници	- прашалници, - анализи - извештај	

7. Училишна структура, организација и клима

	Активности	**Цели**	**Реализ а-ција**	**Соработ-ници**	**Индикатори/ докази/форми/методи**	**Следење/ повратна информација**
	1. Соработка со стручните органи и тела во училиштето.	– Промовирање иновации во воспитно-образовната работа - Градење инклузивна клима и култура за прифаќање на учениците со ПОП	Учебна година	Директор Педагог, психолог Наставници Родители	- Одделенски и наставнички совет; - Стручни активи; - Совет на родители; - Инклузивен тим - Ученички парламент	
	2. Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација за учениците со ПОП и предлагање мерки за подобрување.	– увид и унапредување на водењето на евиденцијата	Учебна година	Директор Педагог, психолог Наставници	- Евиденција на советодавни разговори; - Досиеа на ученици; - Листи за следење на ИОП; - Одделенски дневници - Главни книги - Преведници	
	3. Активности за подобрување на квалитетот на работата на инклузивниот тим.	– Придонес за инклузивната клима во училиштето	Учебна година	Директор Педагог, психолог Наставници Родители, Инклузивен тим	- Ученички парламент - Воннаставни активности - Организации и здруженија - Записници од работата од УИТ - Реализирани активности	
	4. Давање соодветна советодавна помош во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста на учениците.	– Создавање клима за прифаќање и недискриминација	Учебна година	Директор Педагог, психолог Наставници Родители	- превентивни активности (советодавна работа, работилници); - Дневник за работа	

	6. Информирање и советување на учениците со ПОП како да се вклучат во соодветни активности на ученички организации. 7. Помагање на ученичките заедници да ги прифатат учениците со ПОП. 8.Помош на учениците со ПОП при реализација на воннаставни активности.	– Грижа за соодветна вклученост на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници и воннаставни активности	Учебна година	Директор Педагог, психолог Наставници	- Дебати; - Дискусии. - Воннаставни активности - Работилници - разговори	

Училишен специјален едукатор и рехабилитатор: Наташа Димоска

_____

Директор:

_____

Прилог бр. 1.5.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА УЧИЛИШТЕТО

за учебната 2023/2024 година

Основни одредби:

Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор.

Мандатот на членовите на Училишниот одбор е 3 години, а мандатот на претставниците од родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

Согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето, Училишнот одбор ги остварува следниве активности во текот на учебната година:

- донесува Статут на основното училиште;
- предлага Годишна програма и Извештај за работа на училиштето до Советот на Општината;
- донесува Развојна програма на училиштето;
- донесува програма за воведување на повисоки стандарди и други програми;
- предлага финансиски план до Општината;
- предлага завршна сметка до Општината;
- објавува јавен оглас за избор на директор на училиштето;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- предлага на градоначалникот на општината еден односно двајца кандидати од пријавените кандидати на објавениот оглас за избор на директор;
- дава мислење до директорот за избор на наставници и стручни соработници;
- формира комисија за самоевалуација на предлог од директорот;
- го разгледува извештајот од самоевалуацијата;
- одобрува план за јавни набавки;
- го организира и го реализира целокупниот процес за изведување на предвидените екскурзии според Правилникот за начинот изведување на екскурзиите и другите слободни активности во основните училишта;
- одлучува по приговори и жалби на вработените, учениците и родителите;
- врши други работи определени со Статутот на училиштето.

Состав:

Училишниот одбор во ООУ „Манчу Матак“ е составен од 7 члена и тоа:

1. Елена Белеска – наставник - одделенска и предметна настава,
2. Дејана Тренеска – наставник во предметна настава и
3. Милена Чируноска – наставник во одделенска настава
4. – родител (Ќе биде избран нов член од редот на родителите со почетокот на новата учебна година заради истекување на мандатот на членот на УО)
5. Елена Китаноска – родител- претседател
6. Пеце Каравилоски - родител;
7. Маријана Коркоска - претставник од оснивачот

	Месец	Содржина
1.	август, 2023	- Усвојување и предлагање до Основачот на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2022/2023 год; - Усвојување и предлагање до Основачот на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 год; - Разгледување и донесување на Годишната програма за работа на Училишниот одбор за учебната 2023/2024год. - Формирање на Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од ОУ.
2.	септември, 2023	- Конституирање на новиот состав на Училишниот одбор (Избор на член – претставник од Советот на родители) - Спроведување постапка за изведување екскурзија за учениците од III, VI и IX одд. според Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и др. слободни активности на учениците од основните училишта.
3.	октомври, 2023	- Формирање на Комисија за изработка на Самоевалуација на училиштето - Тековни прашања.
4.	ноември, 2023	- Разгледување на извештајот за успехот во првото тромесечие во учебната 2023/2024 год. - Разгледување на извештаите од реализираните екскурзии - Тековни прашања
5.	декември, 2023	- Предлагање на финансиски план на училиштето за 2024 год. и предлагање до Основачот; - Донесување одлука и формирање комисии за попис на училишниот инвентар; - Давање предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници по обајавените огласи; - Тековни прашања
6.	јануари/ февруари, 2024	- Разгледување на извештајот за работа на училиштето по првото полугодие од учебната 2023/2024 год.; - Предлагање завршна сметка до Основачот; - Разгледување на извршениот попис; - Тековни прашања.
7.	април/мај 2024	- Разгледување на извештајот за успехот на крајот на третото тромесечие од учебната 2023/2024 год; - Тековни прашања.
8.	јуни/јули, 2024	- Разгледување на извештајот на успехот на крајот од учебната 2023/2024 год. - Усвојување на Развојната програма за работа на училиштето (2024 - 2028) - Тековни прашања
9.	август, 2024	- Усвојување и предлагање до Основачот на Годишниот извештај за учебната 2023/2024 год. - Усвојување и предлагање до Основачот на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 год.

Забелешки:

- Освен планираните активности, Училишниот одбор може да реализира и други активности кои евентуално можат да се појават во текот на учебната година и ќе постапува согласно неговите надлежности уредени со Законот, Статутот и Деловникот.
- Планираните екскурзии за VI и IX одд. во Годишната програма ги планираме да се реализираат есента, 2023 година а екскурзијата за III одд може да се реализира напролет но постапките за изведување екскурзија за учениците од III, VI и IX одд. според Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и др. слободни активности на учениците од основните училишта ќе бидат спроведени заедно.
- За сите состаноци уредно ќе се води записник кој ќе се чита и усвојува на почетокот на секој нов состанок и ќе биде потпишан од членовите.

август, 2023 год.

Кривогаштани

Претседател на УО:

_____

Елена Китаноска

Прилог број 1.6.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ
за учебната 2023/2024 година

Согласно Законот за основно образование во ООУ „Манчу Матак" е формиран и работи Совет на родители составен од 24 члена, кои се родители на учениците кои учат во училиштето.
Целта на работата на овој Совет на родители е да се обиде да ја воспостави врската помеѓу родителите и училиштето, што е пак многу значајно за правилното насочување на воспитно-образовниот процес.
Позначајни подрачја кои се во делокругот на работа на Советот на родителите се:

- Запознавање со програмата за работа на училиштето;
- Подготвеност на училишните објекти за изведување настава;
- Збогатување на соработката со наставниците;
- Превоз, исхрана, хигиенски услови и здравствена заштита на учениците;
- Вклучување на родителите во општествено-корисната работа во училиштето;
- Грижа и активности за обезбедување на материјална помош на училиштето преку спонзорства и лобирање во претпријатија.

Во текот на учебната година Советот на родители ќе одржува состаноци секој месец кога ќе се изнесуваат предлозите на родителите за унапредување на воспитно-образовната работа и одржувањето на училиштето.

Планирана активност	Цели	Соработник	Ресурси	Време	Очекувани ефекти и исходи
Разгледување на извештајот за работата на училиштето во учебната 2022/2023 и предлогот на Годишната програма за работа на училиштето и и давање мислење за истите	Запознавање на Советот на родители со Годишна програма и извештајот од самоевалуацијата	Директор, Комисија за годишна програма и самоевалуација	Годишен извештај за 2022/2023 и Годишна програма за 2023/2024	август	Да се запознаат со целокупната работа на училиштето Дадено позитивно мислење
Разгледување на организациони прашања: подготвеност на објектите за одвивање на настава, обезбеденост со наставен кадар и обезбеденост со учебници.	Информирање и анализа на условите за работа	Директор	Училишна зграда, настав-ници, извештаи	септември	Подготвеност за почеток на училишната година
Залагања за поголема активност на Еко-тим во училиштето и запознавање на родителите со ЕКО-Програма за 2023/2024година.	Едукативно оспособување на најмалите за значењето на екологијата преку најразлични проекти.	Директор, Еко тим од училиштето	ЕКО-тим од училиштето	септември	АКТИВНА СВЕСНОСТ за значењето и важноста за здрава и чиста средина.

Разгледување на потребата од превземање мерки за безбедност и заштита, како и здравјето на учениците.	Потреба од поголема хигиена; Потреба од надзор (физичко обезбедување околу училиштето	Директор, Општина	Директор, Општина, Училишна зграда	Октомври	Зголемување на безбедноста н учениците и заштита од несакани последици.
Залагање за почиста околина околу училишната зграда	Подобрување на околината околу училишната зграда	Директор, Општина	Директор, Општина училишна зграда.	Октомври	Почиста околина, заштита на учениците и подобрени стандарди на училиштето.
Разгледување на редовноста на учениците и предлози за нивно подобрување. Извештај за постигањата на учениците по I тримесечие	Да се запознаат со поведението на учениците и да дадат предлози за нивно подобрување	Директор, стручни соработници наставници, родители	Дневници, портфолија на ученици	Ноември	Активно вклучување на родителите во подобрување на поведението на учениците
Активно учество на родителите во активностите кој ги организира училиштето	Поголема соработка на родителите во слободните активностите на училиштето	Директор, Наставници,	Директор, Наставници, Родители	Ноем-ври	Со вклученост на родителите во слободните активности на учлиштето се зголемува довербата меѓу наставник и родител.
Презентација на Извештајот за работата на училиштето во I полугодие	Да се запознаат со работата на училиштето во првото полугодие	Директор	Извештај од Наставнички совет и од Пописна комисија	Февруари	Да се запознаат со работата на училиштето во првото полугодие
Тековни активности,состаноци по барање на родителите	Да се разрешуваат тековните проблеми	Директор, наставници, родители, ученици	Педагош-ка документациј а	Во тек на цела учебна година	Успешно решавање на проблемите
Вклучување на родителите во заедничките активности со училиштето	Развивање на Еко-проектот; Одбележува-ње на Патрониот празник на училиштето	директор, наставници	Поддршка на еко-проектот); Програма за одбележувањ е на денот на училиштето	Март Април Мај	Одбележување на Патрониот празник

Разгледување на извештајот за постигањата на учениците по III тримесечие	Да се запознаат со поведението на учениците и да дадат предлози за нивно подобрување	Директор, наставници, стручни соработници	Извештај	април	Активно вклучување на родителите во подобрување на поведението на учениците
Презентации на актуелни теми од страна на ученичкиот парламент	Демократска партиципација	Ученици	Компјутер презен-тации	Учебна година	Презентациите покренуваат иницијативи за промени
Иницијативи за организирање на завршните настани за полуматурантите (награди, сликање, прослава)	На достоинствен начин да се испратат учениците кој завршуваат еден циклус од својот живот.	Наставници Директор	Дипломи за соодветни наградувања	Април - мај	Симболично да се заокружи еден циклус од животот на учениците, поделба на Дипломи, Признаници
Презентација на - Годишниот извештај за работата на училиштето на крајот од учебната година - Годишната програма за следната учебна година; - Самоевалуацијата за работата на училиштето - Развојната програма	Информации за целокупната работа во учебната година Давање мислење	Директор,	Извештај, самоевалуаци ја, годишна програма, развојна програма	Јуни – август	Да се информираат за работата Давање мислење за документите
Анализа на работата на Советот на родители за тековната година	Подобрување на работата на Советот на родители		Записници од одржани средби на Советот на родители	Јуни - август	Унапредување на работата на Советот на родители во следната 2024/2025 учебна година

Доколку се укаже потреба може да се одржат повеќе состаноци на Советот на родители отколку што е планирано.

Претседател на Советот на родители:

_____

Пеце Каравилоски

Прилог број 1.7.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ
учебна 2023/2024 година

време на реализација	**содржина на работа**	**учесници**
Август, 2023	- Разгледување и предлагање на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година.	директор наставници стр.сораб.
Август, 2023	- Распределба на часови по наставници и одделенско раководство за учебната 2023/2024 година и задолженија на наставниците за реализација на наставните предмети и воннаставните активности - Давање насоки за планирање на воспитно – образовната работа	директор наставници стр.сораб.
Септември/ октомври, 2023	- Информација за водењето на педагошката евиденција и документација; - Разгледување и усвојување на Закони, Правилници, програми. - Предлагање членови за Комисијата за самоевалуација на училиштето - Предлагање членови за Комисијата за изработка на Развојната програма на училиштето	директор наставници стр.сораб.
Ноември, 2023	- Реализација на наставниот материјал - Разгледување и утврдување на успехот и поведението во текот на I тромесечие од учебната година, дисциплината, редовноста и други појавени проблеми; - Изрекување на педагошки мерки и пофалби.	директор наставници стр.сораб.
Јануари, 2024	- Реализација на наставниот материјал по првото полугодие - Разгледување и утврдување на полугодишниот успех, поведение и изостаноци кај учениците - внесени во полугодишниот извештај за Iполугодие; - Мерки за подобрување на успехот, дисциплината и редовноста; - Изрекување на педагошки мерки. пофалби и награди.	директор наставници стр.сораб.
Март/Април, 2024	- Реализација на наставниот материјал по III тромесечие - Разгледување и утврдување на успехот и поведението, редовнста и дисциплината во текот на III томесечие од учебната година; - Изрекување на педагошки мерки и пофалби	директор наставници стр.сораб.
Мај, 2024	- Подготовка за одбележување на Денот на училиштето - Избирање на првенец на генерација со континуирано одличен успех	директор наставници стр.сораб.
Јуни, 2024	- Реализација на наставниот материјал на крајот од учебната година - Разгледување и утврдување на годишниот успех на учениците; - Утврдување на успехот од дополнителната настава; - Формирање комисии за спроверување на испитите за учениците кои не покажале успех од продолжителната настава и одделенски испити. - Формирање комисии и тимови за изработка на Годишната програма за работа	директор наставници стр.сораб.
Јуни, јули, 2024	- Разгледување и предлагање на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2022/2023 година - Разгледување и предлагање на самоевалуацијата за работата на училиштето - Разгледување и давање миислење за Развојната програма на училиштето - Разгледување и давање мислење за Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година	директор наставници стр.сораб.

По потреба на секој состанок може да се разгледуваат актуелни прашања за животот и работата на училиштето, да се презентираат информации и упатства од Министерството за образование и наука, од локалната самоуправа, да се разгледуваат сознанија од родителските состаноци, состаноците на Советот на родители, Училишниот одбор, како и на стручните активи. Наставничкиот совет, донесува Одлуки во врска со реализацијата на Годишната програма на училиштето и решава по приговори од страна на родители. По потреба бројот на состаноците на Наставничкиот совет може да биде и поголем во одредени месеци.

Прилог број 1.8.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНСКИОТ СОВЕТ
за учебната 2023/2024 година

	Содржина	**Време**	**Учесници**	**Забелешки**
1	Реализација на наставниот план и програма Разгледување на успехот и поведението на учениците по првото тромесечие Изостаноците од учениците. Пофалби и казни.	ноември 2023.	наставници стручни соработници директор	
2	Реализација на наставниот план и програма Разгледување на успехот и поведението на учениците по првото полугодие Изостаноците од учениците Пофалби и казни.	јануари 2024.	наставници стручни соработници директор	
3	Реализација на наставниот план и програма Разгледување на успехот и поведението на учениците по третото тромесечие Изостаноците од учениците Пофалби и казни.	април 2024.	наставници стручни соработници директор	
4	Реализација на наставниот план и програма Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната година Изостаноците од учениците Пофалби и казни.	Јуни 2024.	наставници стручни соработници директор	
5	Разгледување на успехот и поведението на учениците по продолжителната настава/полагањата	јуни 2024.	наставници стручни соработници директор	(доколку има ученици упатени на полагање)
6	Разгледување на успехот и поведението на учениците по продолжителната настава/полагањата	август 2024.	наставници стручни соработници директор	(доколку има ученици упатени на полагање)

Одделенскиот совет предлага изрекување пофалби и педагошки мерки за ученици до Наставничкиот совет кој треба да ги разгледа и донесе одлука за истите.

Прилог бр. 13.2.

ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА
во ООУ „Манчу Матак“ –Кривогаштани – 2023/2024 година

(во прилог на овој план се програмите за реализација на активности по фазите за професионална ориентација)

Фаза 1. Самоспознавање (I – IX одделение)						
Активности	**Цели**	**Носители на активностите**	**Форми/методи на работа**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори**
Откривање, истражување и испитување на сопствените желби, интереси и афинитети. Воочување на своите таленти и способности. Проценка и рефлексија на личните очекувања и цели. Согледување на сопствените капацитети и подготвеност за постигнување на конкретни резултати. Саморефлексија на сопствените интереси, афинитети, способности (самопроценка) Проценка на способностите и професионалните интереси на учениците	Да се поттикнат учениците да ги спознаат своите лични афинитети и капацитети, да градат реална слика за себе, да се оспособат за самопроценка и унаптедување на капацитетите за личен раст и развој.	Одделенски и предметн и наставнци, одделенски раководители, наставник по граѓанско образование, стручни соработници	Интеграција во рамките на часовите, воннаставни активности, работилници, дискусии, дебати, писмени работи.	Учебници, работни листови, записи од учениците, наставни програми, програма за образование за животни вештини	Учениците се свесни за своите лични капацитети (јаки и слаби страни, способности, потенцијали, ставови, верувања, интереси, лични цели, вредности, вештини)	Идентификуваат јаки и слаби страни, способности, потенцијали, ставови, верувања, интереси, лични цели, вредности, вештини

Фаза 2 и 3. Информирање и пребарување за видови професии и можности за школување (I – IX одделение)						
Активности	**Цели**	**Носители на активностите**	**Форми/методи на работа**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори**
Сознанија за можностите за образование и кариера. Препознавање и надминување на родивите и други стереотипи кои ги следат одредени видови образовни профили/ професии Запознавање со квалификационата рамка на занимања. Запознавање со занимањата кои постојат	Стекнување на знаења за различни информациски понуди за видови училишта и професии. Развивање на вештини за активно и самостојно користење на расположивите информациски понуди.	Одделенски и предметн и наставнци, одделенски раководители, наставник по граѓанско образование, стручни соработници	Интеграција во рамките на часовите, воннаставни активности, работилници, дебати, анкета, интервју, работилници, проекти, гостувања, дискусија.	Учебници, работни листови, центри за вработување, спсианија, брошури, база на податоци за видови професии, интернет страници и портали на образовни институции, веб страници на училишта, квалификационата рамка на занимања.	Учениците се информирани, истражуваат и обработуваат податоци. Учениците ги знаат патиштата за стекнување образование и професионална кариера кои водат кон постигање/ остварување на посакуваното занимање	Записи, материјали кои содржат информации за изборот на средни училишта, можности за образование и вработување, интересни биографии на успешни личности со одредено занимање, важни информации за светот на занимања и видови професии. Работни листови на кои ученикот сам интензивно работел при изгор на училиште/ занимање и за кои смета дека се важни за неговиот избор на средно училиште или професионална кариера

Фаза 4. Реални контакти/средби **(I – IX одделение)**						
Активности	**Цели**	**Носители на активностите**	**Форми/методи на работа**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори**
Информирање за различните видови училишта и струки. Воочување на карактеристиките на различните струки.	Да се информираат со сите потребни податоци за сите видови средни училишта и струки во близина на училиштето.	Одделенски и предметн и наставници, одделенски раководители, стручни соработници, наставници од средните училишта, родители, професионалци.	Воннаставни активности, интеграција на часовите, разговори, отворени денови, презентации, работилници.	Конкурс, квалификационата рамка на занимања, презентации, наставници од средните училишта, веб страни од училиштата и образовни институции, родители, професионалци.	Учениците преку различни средби истражуваат за светот на занимањата, професии кои ги интересираат и се распрашуваат за училиштата (патот за стекнување образование за одреден тип професија)	Записи од средбите со претставници на различни профили, информации за средните училишта, материјали од посета на саеми, отворени денови...
Информирање за мрежата на средни училишта и занимања и условите за запишување: - разгледување на конкурсот за упис - следење на презенрации од средните училишта - посета на отворени денови - посета на саеми на средни училишта						Споредби и проверка на сопствениот профил со барањата кои ги поставува сега веќе дефинираното образование и професионална кариера и донесена одлука за избор на соодветно училиште/ занимање.
Средби со професионалци (родители, гости)						

Фаза 5. Донесување одлука (VIII и IX одделение)						
Активности	**Цели**	**Носители на активностите**	**Форми/методи на работа**	**Ресурси**	**Очекувани ефекти**	**Индикатори**
Донесување одлука за продолжување на своето образование во некое од средните училишта Кој влијае на нашиот избор (родители, врсници, институции, самосојно, медиуми итн) Дефинирање која струка/ средно училиште е најсоодветно за нив Вклучување на родителите во донесувањето одлука Споредба на одлуката со реалните можности (услови за упис, успех, финансии и сл.) Донесување конечна одлука	Учениците да се оспособат самостојно да донесат одлука за избор на средно образование и идна професија.	Стручни соработници, наставник по граѓанско образование одделенски раководители, предметни наставници.	Воннаставни активности, интеграција на часовите, разговори, отворени денови, презентации, работилници. Индивидуални и групни советувања, работилници.	Конкурс за запишување, табела за пресметување бодови, сведителства, електронски дневник, родители.	Учениците прават споредба и проверка на својот личен профил и барањата кои ги поставува сега веќе дрфинираното образование и носи одлука за избор на соодветно училиште/ занимање.	Потполнет прашалник, Донесена одлука, запишани ученици согласно одлуката.

Тим за професионална ориентација

Убавка Бутлеска - педагог
Анета Гулабоска – психолог,
Дијана Каравилоска – одделенски раководител, наставник по граѓанско образование,
Дејана Тренеска – одделенски раководител,
Весна Аџеска – одделенски раководител и
Елена Белеска – одделенски раководител.

Прилог бр. 1.10.

АКЦИСКИ ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА СТРУЧЕН АКТИВ ОД ПРЕДМЕТНА НАСТАВА
во ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани – 2023/2024 година

Врз основа на самоевалуацијата на наставниците и стручните соработници и новините и насоките дадени од Министерството и Основачот, се утврдуваат и наведуваат потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби во однос на потребите за професионален развој. Врз основа на нив се изработува планот за професионален развој за тековната учебна година, а потоа врз основа на него и програмите за работа на стручните активи.

Стручните активи во училиштето се главни носители на професионалниот развој во училиштето. Состаноците се во форма на размена на мислења, искуства, идеи и предлози за подобрување на работата. Комуникацијата и соработката во рамките на активите е отворена и се почитува мислењето од секој.

Наставниците од предметна настава ќе учествуваат на обуки, семинари, работилници на кои ќе бидат повикани, а организирани од МОН, БРО и други институции. Се планираат и екстерни обуки, понудени од провајдери.

Имајќи го тоа предвид, Стручниот актив од предметна настава во за учебната 2023/2024 г. во согласност со својата програма за работа планира состаноци, дебати, размена на мислења и материјали, презентации, реализација на нагледни часови и успешна реализација на следниве приоритети:

- Следење на реализацијата на новите наставни програми (новата концепција за основно образование);
- Создавање позитивна работна атмосфера во училница и онлајн/виртуелна училница

Цел	**Активност**	**Начин на спроведување**	**Време на реализација**	**Носители/ одговорни**	**инструменти/ ресурси**	**Очекувани резултати**
Планирање на поучувањето и учењето според пропишаните програми и стандарди и според потребите на учениците. (Нова програма)	Планирање активности и часови	Тимска работа	Август/септември 2023	Актив од VI одделение, стручни соработници	Компјутер, хартија	Успешни планирања
Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и онлајн/виртуелна училница: - Примена на стратегиите за менаџмент во училница за одржување на авторитетот	Екстерна обука	обука	Август, 2023	провајдер	Обучувачи, избран провајдер	Стекнати сознанија, вештини и способности за практична примена на стратегиите за менаџмент во училница за одржување на авторитетот Обучени наставници за самостојно изработување правила за комуникација меѓу наставник − наставник, наставник − ученик и наставник − родител.

- Изработување правила за комуникација меѓу наставник − наставник, наставник − ученик и наставник − родител.	Создавање атмосфера за работа во училницата со градење авторитет преку личен пример родителите и општествената средина.	Индивидуална и тимска работа, Следење часови	Август, 2023	провајдер	Компјутер, хартија, образец за следење, предметни наставници, директор, стручни соработници	Создавање атмосфера за работа во училницата со градење авторитет преку личен пример родителите и општествената средина.
	Подобрување на квалитетот на комуникација со учениците	Индивидуална и тимска работа, Следење часови	Август, 2023	провајдер	Компјутер, хартија, образец за следење, предметни наставници, директор, стручни соработници	Подобрен квалитетот на комуникација со учениците во училницата
	Примена на стратегии и техники за квалитетна комуникација во училницата	Индивидуална и тимска работа, Следење часови	Август, 2023	провајдер	Компјутер, хартија, образец за следење, предметни наставници, директор, стручни соработници	Подобрен квалитетот на наставата преку стекнатите вештини за практична примена на стратегиите и техниките за квалитетна комуникација
	Користење квалитетна комуникација	Индивидуална работа, консултаци, поддршка	Учебна година (континуиран процес)	провајдер	Обучувачи, избран провајдер	Изготвени правила кои сами ќе ги применуваат, а учениците ќе стекнат позитивни искуства од личниот пример на наставникот

Социјални вештини: - Да даваат конструктивна повратна информација; - да препознаваат начини на саботирање на тимската работа; - Соработка со другите за постигнување на заеднички цели; - Поставување граници и цели за себе.	Екстерна обука	обука	Август, 2023	провајдер	Обучувачи, избран провајдер	Стручните соработници: - да умеат да даваат конструктивна повратна информација; - да препознаваат кои се начините на саботирање на тимската работа; - да соработуваат со другите за постигнување на заеднички цели; - да умеат да постават граници и цели за себе.
Самодоверба: Наставниците и учениците: - да ги идентификуваат и да ги ценат добрите работи во својот живот; - да планираат како да ги користат своите јаки страни; - да умеат да го зголемат оптимизмот и расположението.	Екстерна обука	обука	Август, 2023	провајдер	Обучувачи, избран провајдер	Наставниците и учениците: - ги идентификуваат и ценат добрите работи во својот живот; - знаат да планираат како да ги користат своите јаки страни; - умеат да го зголемат оптимизмот и расположението.
Справување со проблематично однесување Стручните соработници: - да се запознаат со карактеристиките на справување со проблематичното однесување преку техниките на советодавната воспитна работа и педагошкото водење, нивните специфичности, процеси и фази, како и сличностите и разликите меѓу нив.	Екстерна обука	обука	Август, 2023	провајдер	Обучувачи, избран провајдер	Знае како да се справува со проблематичното однесување преку техниките на советодавната воспитна работа и педагошкото водење, нивните специфичности, процеси и фази, како и сличностите и разликите меѓу нив.

Создавање на позитивна социоемоционална клима на час Стручните соработници: - да се запознаат со компонентите на социоемоционалната клима на часот, карактеристиките на современите стилови на водење на одделението, како и со фактот дека социоемоционалната клима на часот се појавува како фактор кој го објаснува останатиот дел од образовните постигања.	Екстерна обука	обука	Август, 2023	провајдер	Обучувачи, избран провајдер	Ги познава компонентите на социоемоционалната клима на часот, карактеристиките на современите стилови на водење на одделението, како и со фактот дека социоемоционалната клима на часот се појавува како фактор кој го објаснува останатиот дел од образовните постигања.
Спроведување систем за идентификување и преземање мерки за работа со надарените и учениците со тешкотии во учењето	Изготвување на инструменти за идентификување на овие ученици - Процес на идентификување - Планирање на активности за работа со овие ученици во наставните и воннаставните активности	Тимска работа, планирање	Септември/октомври, 2023	Стручен актив, стручна служба директор	Компјутер, хартија	Успешни планирања и реализирани активности
		Тимска работа	Учебна година (континуиран процес)	Стручен актив, стручна служба директор	Компјутер, хартија, стручни соработници	Користење современи форми и техники во заедничко утврдување на критериуми за оценување на ниво на училиште
Спроведување на пропишаната програма и стандарди според новата концепција	Следење часови Размена на искуства околу планираните и реализираните активности	Планирање и реализирање часови	Ноември/ декември, 2023	Актив на наставници од VI одделение, директор, стручни соработници	Планирања, сценарија за часови Обрасци за следење	Одржани часови и средби Успешно реализирани часови и активности

Да се применат стекнатите знаења од постените обуки	Работилници, советодавна работа	Учебна година (континуиран процес)	Наставници од предметна настава, стручни соработници, директор	Индивидуална и тимска работа,	Компјутер, хартија, евиденција	Примена на стекнатите знаења во унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес во училиштата, развој на социјалните вештини и самодовербата кај учениците, како и за справување со проблематичното однесување и создавање на позитивна социоемоционална клима во училиштето
Да се пренесат стекнатите знаења	Дисеминација/ пренесување на стекнатите знаења на колегите предметни наставници.	Учебна година (континуиран процес)	Наставници од предметна настава, стручни соработници, директор	Индивидуална и тимска работа	Компјутер, хартија, евиденција	Пренесени знаења, запознаени наставници

Претседател на стручен актив од предметна настава:
Весна Аџеска

Прилог бр. 1.11.

ООУ „Манчу Матак“ – Кривогаштани
Програма на инклузивен тим за образование
за учебната 2023/2024

Училишниот инклузивен тим во својата работа ќе се залага во училиштето:

- Наставната работа да се приспособува кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците;
- Да се применуваат разни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа;
- Да зајакнува самодовербата и самопочитта– интерните обуки, работилници и консултативни средби во училиштето помогаат многу од наставниците да се ослободат од предрасудите и стравот и да се мотивираат да работат по ученици со ПОП;
- Да се поттикнува и унапредува креативноста;
- Да се подобруваат индивидуалниот и креативниот живот и работа;
- Да се применуваат техники на креативно мислење;
- Да се развива кооперативното учење;
- Да се подобруваат личниот и социјалниот развој.

За унапредување на ИО во училиштето, тимот за ИО во училиштето ги планира следните активности:

- Активности	Реализатори	Соработници	Временареализација
-Состанокнатимотзадефинирањенаактивностите и програматазаработазановатаучебнагодина	Тимзаинклузија	Тимзаинклузија	Август 2023
- ПрезентацијанапрограматазаработапредНаставничкиотсовет, Советнародители и Училишенодбор	Директор, тимзаинклузија	Наставничкисовет, Советнародители	Септември – Октомври 2023
ЗајакнувањенаИнклузивниоттим-обуки и презентациинададенатема -формални и неформалнисредби/ состаноци-присуствонасеминари, работилници и конференции	Дефектолог	Тимот	Континуирано
- Работилницазаученицизаприфаќањенаразличностите, којасекојнаставникќејареализираначасовитепоживотнивештини	дефектологтимотзаинклузија	тимот за инклузија Одделенските раководители	Еднаш до два пати во едно полугодие
-Идентификување на учениците со пропреченост и потешкотии во учењето	Педагог, психолог дефектолог, одделенски наставници	Наставници, родители	Август, Септември, Октомври 2020
Изработкана ИОП заученицисопосебнипотреби	Дефектолог, наставници , родители	Педагог,психолог	Континуирано
Водењедосиезаучениците	Инклузивен тим на ученикот	наставници	Континуирано

Следење нанапредокотнаучениците, поддршкананаставниците и родителите	Тимотзаинклузија, Инклузивен тим на ученикот	наставници	Континуирано
